## Морталитет од малигни неоплазми во Р.С. Македонија

Малигните неоплазми се меѓу најчестите причини за смрт во светот. Во Р.С.Македонија после болестите на циркулаторниот систем, малигните неоплазми се втората најчеста причина за смрт. Во периодот 2010-2023 година стапката на морталитет се движи од 180,3 на 100000 население во 2010 година до 205,0%000 во 2023 година.

**Дијаграм 1: Стапка на морталитет од малигни неоплазми во Р.С.Македонија, 2010 - 2023 година**




Стапката на морталитет од малигни неоплазми кај мажите е повисока во однос на жените.

**Дијаграм 2: Стапка на морталитет од малигни неоплазми по пол во Р.С. Македонија, 2010 - 2023 година**



## Морталитет од малигни неоплазми на возраст над 65 години

Во периодот 2010-2023 година стапката на морталитет од малигни неоплазми на возраст над 65 години осцилира и се движи од 881,1 во 2010 година до 791,3 во 2023 година на 100000 население.

**Дијаграм 3: Стапка на морталитет од малигни неоплазми во Р.С. Македонија на возраст над 65 години, 2010 - 2023 година**




Стапката на морталитет од малигни неоплазми во возрасната група над 65 години е повисока кај машката поулација.

**Дијаграм 4: Стапка на морталитет од малигни неоплазми во Р.С Македонија на возраст над 65 години по пол, 2010 - 2023 година**



## Морталитет од малигни неоплазми на возраст 0 - 64 години

Стапката на морталитет од малигни неоплазми во возрасната група од 0-64 години е значително пониска од стапката на морталитет на возраст над 65 години.

**Дијаграм 5: Стапка на морталитет од малигни неоплазми во Р.С. Македонија на возраст 0 - 64 години, 2010 - 2023 година**




И во возрасната група 0-64 години морталитетот е повисок кај мажите во однос на жените.

**Дијаграм 6: Стапка на морталитет од малигни неоплазми во Р.С. Македонија на возраст 0 - 64 години по пол, 2010 - 2023 година**



## Најчести примарни локализации на малигни неоплазми

Кај мажите, најчеста причина за смрт од малигни неоплазми, во периодот 2010-2023 година, е малигната неоплазма на бронх и бел дроб со стапка на морталитет која се движи од 64,8 во 2010 година до 58,2 во 2017 година, 56,1 во 2021 година, 65,5 во 2022 година и 68,3 на 100000 мажи во 2023 година.

**Дијаграм 7: Стапка на морталитет од малигна неоплазма на бронх и бел дроб кај мажи во Р.С. Македонија, 2010 - 2023 година**




Кај жените најчеста причина за смрт од малигни неоплазми во периодот 2010-2023 година е малигната неоплазма на дојка. Стапката на морталитет се движи од 30,0 во 2010 година, 32,6 во 2021 година, 38,5 во 2022 година и 37,5 на 100000 жени во 2023 година.

**Дијаграм 8: Стапка на морталитет од малигна неоплазма на дојка кај жени во Р.С. Македонија, 2010 - 2023 година**

